„Нашиот Возвишениот Господар секоја вечер кога ќе настапи последната третина од ноќта

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Нашиот Возвишениот Господар секоја вечер кога ќе настапи последната третина од ноќта се спушта на земното небо и вели: ‚Има ли некој што ме моли, па да му се одзвијам? Има ли некој да бара нешто од Мене, па Јас да му дадам, има ли некој што бара од Мене прошка, па да му простам?‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни објаснува дека Возвишениот Аллах се спушта на земното небо секоја вечер кога ќе настапи последната третина од ноќта. Тој потоа нè поттикнува да Го молиме затоа што ќе се одзвие, поттикнува да бараме од Него затоа што ќе даде, и повикува да бараме од Него прошка затоа што Тој им простува на Своите робови верници.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/10412